**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти во прв циклус на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип во учебната 2011/2012 година**

**Штип, април 2011**

## Конкурс за запишување студенти на прв циклус универзитетски и стручни студии на студиските програми на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во учебната 2011/2012 година

Во согласност со член 108 и член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10 и 17/11), Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 18 – пречистени текстови) и Одлуката на Владата на Република Македонија за бројот на студенти за запишување во прва година на јавните високообразовни установи во учебната 2011/2012 година, Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип објавува Конкурс за запишување студенти на прв циклус универзитетски и стручни студии на студиските програми на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип во учебната 2011/2012 година

### I. Број на студенти

На единиците на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, во прва година на прв циклус универзитетски и стручни студии за кои се стекнува универзитетска диплома или професионална диплома, во учебната 2011/2012 година ќе се запише следниов број студенти:

| ФАКУЛТЕТИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | редовни во државна квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинансирање | износ на кофинансирање (ЕУР) | вонредни | износ на кофинансирање (ЕУР) | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ - Кочани** | **260** | **100/200** | **70** | **100/400** | **80** | **400** | **410** |
| Правосудна насока – Штип | 160 | 100 | 40 | 100 | 50 | 400 | 250 |
| Јавна администрација - Кочани | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| Применета политика и дипломатија (модул Европско право) – Кочани | 50 | 200 | 25 | 400 | 25 | 400 | 100 |
| Новинарство – Штип | **30** | **100** | **/** | **/** | **/** | **/** | **30** |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | **590** | **100/200** | **250** | **100/400** | **210** | **400** | **1050** |
| Банкарство, финансии и осигурување* | 80 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 130 |
| Сметководство, финансии и ревизија* | 50 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 100 |
| Менаџмент и претприемништво* | 80 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 130 |
| Меѓународна економија | 60 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| Финансиски менаџмент | 200 | 200 | 20 | 400 | 30 | 400 | 130 |
| Здравствен менаџмент | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Финансиски менаџмент – Струмица | 100 | 100 | 20 | 100 | 40 | 400 | 140 |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ (ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ)** | **180** | **100/200** | **70** | **100/400** | **70** | **400** | **320** |
| Социологија на образование* | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Филозофија на образование и образовна | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |

| ФАКУЛТЕТИ<br>СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | редовни во државна квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинансирање | износ на кофинансирање (ЕУР) | вонредни | износ на кофинансирање (ЕУР) | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| политика* | | | | | | | |
| Социјална педагогија* | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Библиотекарство и архивистика* | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Педагогија* | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Одделенска настава | 10 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 20 |
| Одделенска настава – Струмица | 10 | 100 | 10 | 100 | 10 | 400 | 30 |
| Предучилишно воспитание | 10 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 20 |
| **ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ** | **530** | **100/200** | **15** | **400** | **85** | **400** | **630** |
| Општа насока- модул Енологија – Кавадарци | 130 | 100 | / | / | 10 | 400 | 140 |
| Општа насока – модул Лозарство - Кавадарци | 130 | 100 | / | / | 10 | 400 | 140 |
| Општа насока – Струмица | 120 | 100 | / | / | 20 | 400 | 140 |
| Општа насока – Штип | 70 | 200 | 10 | 400 | 20 | 400 | 100 |
| Рурален развој – Штип | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| Општа насока – Свети Николе | 60 | 100 | / | / | 20 | 400 | 80 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ** | **76** | **200** | **17** | **400** | **/** | **/** | **89** |
| Оддел за теорија и педагогија | 30 | 200 | 5 | 400 | / | / | 35 |
| Оддел за пијано | 3 | 200 | 1 | 400 | / | / | 3 |
| Оддел за жичени инструменти | | | | | | | |
| *Виола* | 1 | 200 | / | / | / | / | 1 |
| *Виолина* | 2 | 200 | / | / | / | / | 2 |
| *Виолончело* | 1 | 200 | / | / | / | / | 2 |
| *Контрабас* | 2 | 200 | / | / | / | / | 2 |
| Оддел за дувачки инструменти | | | | | | | |
| *Флејта* | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | 3 |
| *Обоа* | 2 | 200 | / | / | / | / | 2 |
| *Кларинет* | 3 | 200 | 1 | 400 | / | / | 4 |
| *Хорна* | 1 | 200 | / | / | / | / | 1 |
| *Труба* | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | 3 |
| *Тромбон* | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | 3 |
| Оддел за инструментален џез | | | | | | | |
| *Саксафон* | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | 3 |
| *Џез бас* | 2 | 200 | / | / | / | / | 2 |
| *Труба* | 2 | 200 | / | / | / | / | 2 |
| *Тромбон* | 1 | 200 | 1 | 400 | / | / | 2 |
| *Пијано* | 2 | 200 | / | / | / | / | 2 |
| *Ударни инструменти* | 2 | 200 | 1 | 400 | / | / | 3 |
| Вокално пеење | 4 | 200 | 2 | 400 | / | / | 6 |
| Оддел за етнокореологија | 10 | 200 | 1 | 400 | / | / | 11 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА** | **420** | **100/200** | **60** | **400** | **80** | **400** | **560** |
| Информатика - Штип | 120 | 200 | 25 | 400 | 25 | 400 | 170 |
| Информатика – Кавадарци | 100 | 100 | / | / | 20 | 400 | 120 |
| Информатика – Берово | 70 | 100 | / | / | / | / | 70 |
| Бизнис информатика (англиски јазик) | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Бизнис информатика | 100 | 200 | 25 | 400 | 25 | 400 | 150 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | **560** | **100/200** | **50** | **100/400** | **140** | **400** | **750** |
| Хемија | 20 | 200 | / | / | 10 | 400 | 30 |
| Биологија | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Математика | 20 | 200 | / | / | 10 | 400 | 30 |
| Географија | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Рударство | 20 | 200 | / | / | 10 | 400 | 30 |
| Рударство - Прилеп | 20 | 100 | / | / | 10 | 400 | 30 |
| Рударство - Скопје | 20 | 100 | / | / | / | / | 20 |
| Геологија | 20 | 200 | / | / | / | / | 20 |
| Геологија - Прилеп | 20 | 100 | / | / | 10 | 400 | 30 |
| Геологија - Скопје | 20 | 100 | / | / | 10 | 400 | 30 |
| Инженерство на природни ресурси (Инженерство на животна средина) | 40 | 200 | / | / | / | / | 40 |
| Инженерство на природни ресурси (Инженерство на животна средина) - Прилеп | 40 | 100 | / | / | / | / | 40 |

| ФАКУЛТЕТИ СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | редовни во државна квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофинансирање | износ на кофинансирање (ЕУР) | вонредни | износ на кофинансирање (ЕУР) | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Логистика (индустриски менаџмент и индустриска логистика) | 60 | 200 | 10 | 400 | 15 | 400 | 85 |
| Логистика (индустриски менаџмент и индустриска логистика) - Кавадарци | 40 | 100 | / | / | 10 | 400 | 50 |
| Геомеханика | 60 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 80 |
| Градежно инженерство | 60 | 200 | 10 | 400 | 15 | 400 | 85 |
| Архитектура и дизајн (модул Дизајн и технологии на мебел и ентериер) | 50 | 200 | / | / | 10 | 400 | 60 |
| **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ** | **520** | **200** | **210** | **400** | **140** | **400** | **870** |
| Македонски јазик | | 200 | | 400 | | 400 | |
| *Применета насока* | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| *Наставна насока* | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Англиски јазик | | 200 | | 400 | | 400 | |
| *Преведувачи и толкувачи* | 130 | 200 | 40 | 400 | 10 | 400 | 180 |
| *Наставна насока* | 70 | 200 | 30 | 400 | 10 | 400 | 110 |
| Германски јазик | | 200 | | 400 | | 400 | |
| *Преведувачи и толкувачи* | 30 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| *Наставна насока* | 30 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 60 |
| Италијански јазик и книжевност | | | | | | | |
| *Преведувачи и толкувачи* | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| *Наставна насока* | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Турски јазик и книжевност | | 200 | | 400 | | 400 | |
| *Преведувачи и толкувачи* | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| *Наставна насока* | 30 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| Историја со археологија | | | | | | | |
| *Наставна насока* | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 50 |
| *Применета насока* | 20 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | **325** | **200** | **218** | **400** | **130** | **400** | **673** |
| Медицина | 60 | 200 | 72 | 400 | / | / | 132 |
| Стоматологија | 35 | 200 | 35 | 400 | / | / | 70 |
| Фармација | 35 | 200 | 43 | 400 | / | / | 78 |
| Медицински сестри – стручни студии | 45 | 200 | 10 | 400 | 30 | 400 | 85 |
| Физиотерапевти - стручни студии | 30 | 200 | 18 | 400 | 20 | 400 | 68 |
| Лаборанти - стручни студии | 30 | 200 | 10 | 400 | 20 | 400 | 60 |
| Оптометрија и очна оптика - стручни студии | 30 | 200 | 10 | 400 | 20 | 400 | 60 |
| Забен техничар и протетичар - стручни студии | 30 | 200 | 10 | 400 | 20 | 400 | 60 |
| Акушерки – стручни студии* | 30 | 200 | 10 | 400 | 20 | 400 | 60 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА – Гевгелија** | **530** | **100/200** | **100** | **100/400** | **120** | **400** | **750** |
| Туризам – Гевгелија | 50 | 200 | 30 | 400 | 20 | 400 | 100 |
| Бизнис логистика – Гевгелија | 150 | 200 | 50 | 400 | 40 | 400 | 240 |
| Бизнис логистика – Скопје | 200 | 100 | **/** | / | 20 | 400 | 220 |
| Гастрономија, исхрана, диететика – Скопје | 80 | 100 | **/** | / | 20 | 400 | 100 |
| Гастрономија, исхрана, диететика – Штип | 50 | 100 | 20 | 100 | 20 | 400 | 90 |
| **ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | **210** | **200** | **/** | **400** | **15** | **400** | **225** |
| Системи за автоматско управување | 140 | 200 | **/** | / | 10 | 400 | 150 |
| Обновливи извори на енергија* | 70 | 200 | **/** | / | 5 | 400 | 75 |
| **МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ** | **100** | **200** | **/** | **400** | **40** | **400** | **140** |
| Производно машинство | 50 | 200 | / | / | 20 | 400 | 70 |
| Транспорт, организација и логистика | 50 | 200 | / | / | 20 | 400 | 70 |
| **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | **140** | **200** | **20** | **400** | **20** | **400** | **180** |
| Текстилно инженерство - Пробиштип | 20 | 200 | / | / | 10 | 400 | 30 |
| Текстилно инженерство - Штип | 80 | 100 | **/** | / | **/** | / | 80 |
| Нови технологии и материјали* | 40 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| **Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип:** | **4441** | | **1080** | | **1130** | | **6651** |

**НАПОМЕНИ:**

*Овие програми ќе се реализираат по добивање на акредитација од Одборот за акредитација на високото образование.

Во случај на студиските програми на дисперзираните студии на единиците да се запишат помалку од 20 студенти, Универзитетот „Гоце Делчев“ го задржува правото по третиот уписен рок да го распредели студентот на матичниот факултет или студентот да може да одбере друга активна студиска програма на која има слободни места.

Универзитетот ја организира наставата во првиот циклус на студии на соодветните единиците надвор од своето седиште, во местото во кое се врши уписот, до добивањето на диплома за освоените 180 кредити. Универзитетот го задржува правото во одредени случаи да ја организира наставата за дополнителните 60 кредити од првиот циклус на студии во седиштето на единицата, за добивање на диплома за прв циклус на студии.

**II. Услови и критериуми за запишување**

Право на запишување во прв циклус универзитетски и стручни студии имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование (кандидати **со завршена државна матура;** кандидати **кои завршиле во претходните години пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура, односно училишна матура)** во средни училишта верифицирани со акт на Министерството за образование и наука, кандидати со завршено четиригодишно средно образование **(со завршена училишна матура),** како и кандидати со завршено четиригодишно средно образование **(со завршена меѓународна матура)**.

**При пријавување на кандидатите за запишување на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во пријавните листови кандидатите можат селективно да ги набележат своите 3 можни приоритетни избори на студиски програми од различни единици кои се во рамките на Универзитетот.**

**Пример:** **1. Државна квота, Факултет А**
**2. Кофинансирање, Факултет А**
**3. Државна квота, Факултет Б**

Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

Во прв циклус на студии можат да се запишуваат и вонредни студенти, доколку тоа го овозможува карактерот на студиската програма.

Начинот на селекција и рангирање на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои конкурираат, и тоа:

а) студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (60 поени) и успехот постигнат на државната матура (40 поени);

б) на студиските програми каде селекцијата се врши само според успехот од средното образование (кандидати кои завршиле во претходните години, пред 2007/2008 година), општиот успех по сите предмети учествува со 100% и по таа основа можат да се добијат најмногу 100 поени;

в) студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (60 поени) и успехот постигнат на училишната матура (20 поени);

г) студиски програми со посебни специфичности каде селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (40 поени) и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите (60 поени);

д) студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование (60 поени) и успехот постигнат на меѓународната матура - шест предмети (36 поени) и матурска тема (4 поени);

***Во прилог на Конкурсот е дадена листа на студиските програми и видот на проверката на знаењата и умеењата на кандидатите. (Листа 1)***

1. Основен критериум за селекција и рангирање на кандидатите за запишување на додипломски студии е успехот постигнат во средното образование. Во зависност од видот на студиската програма, дополнителен критериум за селекција е проверка на знаењата и умеењата на кандидатите.

   Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени. Кандидатите можат да освојат најмногу **100 поени, односно 80 поени,** и тоа:

а) На студиските програми каде селекцијата се врши само според успехот од средното образование (**кандидати со државна матура или без матура**) може да освојат најмногу **100 поени.** Кај кандидатите со државна матура, општиот успех по сите предмети учествува со 60%, а успехот постигнат на државната матура учествува со 40%. Кај кандидатите кои се без матура, општиот успех по сите предмети постигнат во средно образование учествува со 100%. Кандидатите со училишна матура може да освојат најмногу 80 поени, и тоа: општиот успех по сите предмети учествува со максимум 60 поени, а успехот постигнат на училишната матура учествува со максимум 20 поени.

а1) На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати со државна матура)** бодирањето се врши на следниов начин:

**а.1.1. Успех од средното образование**

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12**. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

| просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени<br><br>(пример со просек 5,00: 5 x 12 = 60 поени) |
|---|

**а.1.2. Успех постигнат на државната матура**

Оценките од **екстерните предмети ($E_1$ и $E_2$)** се множат со **коефициент 2**. Вака добиениот производ се коригира (множи) со перцентилниот ранг на кандидатот за секој предмет поединечно. По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за двата екстерни предмети **(а).**

Оценките од секој од **интерните предмети ($И_1$ и $И_2$)** кои се полагаат на државната матура се множат со **коефициент 1,6**. Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **16 поени (б).**

Оценката добиена на **проектната задача** (**Пз**) се множи со **коефициент 0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени (в).**

Кандидатите за упис носат со себе документи во кои е наведен успехот од **државната матура** во која има наведено:

$E_1$ – оценка од прв екстерен испит (од 1 до 5) и перцентилен ранг (%)
$E_2$ - оценка од втор екстерен испит (од 1 до 5) и перцентилен ранг (%)
$И_1$ - оценка од прв интерен испит (од 1 до 5)
$И_2$ - оценка од втор интерен испит (од 1 до 5)
$П_з$ – оценка од проектна задача (од 1 до 5)

Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40 поени (а+б+в).**

| **(а) = ($E_1$ x 2)x$Пр_1$/100 + ($E_2$ x 2)x$Пр_2$/100 = најмногу 20 поени** |
|---|

| **(б) = $И_1$ x 1,6 + $И_2$ X 1,6 = најмногу 16 поени**<br><br>(пример со просек 5,00: 5x1,6 + 5x1,6 = 16 поени) |
|---|

| **(в) = Пз X 0,8 = најмногу 4 поени**<br><br>(пример со просек 5,00: 5 x0,8 = 4 поени) |
|---|

| (а+б+в) = најмногу 40 поени |
|---|

(пример со просек 5,00: (5 x 2) x 100/100 + (5x2) x 97,7/100 + 5x1,6 + 5x1,6 + 5x0,8 = 39,77 поени)

а2) Поените на кандидатите кои завршиле пред учебната 2007/2008 година и не полагале државна матура се пресметуваат на следниов начин.

На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати без матура)** бодирањето се врши на следниов начин.

**а.2.1. Успехот од средното образование**

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, по што добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **20.** По оваа основа може да се добијат најмногу **100 поени**.

**просечна оценка X 20 = најмногу 100 поени**

(пример со просек 5,00: 5 x 20 = 100 поени)

а3) На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати со училишна матура),** бодирањето на успехот постигнат во средно образование се врши на следниов начин:

**а.3.1. Успех од средното образование**

Се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени.

Формулата за пресметување на поените од успехот од средно училиште е:

просечна оценка X 12 = најмногу 60 поени

(пример со просек 5,00: 5 x 12 = 60 поени)

**а.3.2. Успех постигнат на училишната матура**

Оценките од двата предмети **($Пр_1$ и $Пр_2$)** кои се полагаат на училишната матура се множат со коефициент 1,6. Добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу 16 поени. Оценката добиена на проектната задача (**П**) се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да

се добијат најмногу 4 поени. Вкупниот успех од училишната матура (а) може да донесе најмногу 20 поени.

| **(а) = (Пр$_1$ + Пр$_2$)х1,6 + П Х 0,8 = најмногу 20 поени** |
|---|

а4) На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование (кандидати со меѓународна матура),** бодирањето на успехот постигнат во средно образование се врши на следниов начин:

**а.4.1. Успех од средното образование**

Бодирањето се врши на следниов начин: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12.** По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

| **просечна оценка Х 12 = најмногу 60 поени**<br><br>(пример со просек 5,00: 5 х 12 = 60 поени) |
|---|

**а.4.2. Успех постигнат на меѓународната матура**

Секоја оценка од шесте предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со **коефициент 1,2**. Вака добиените коефициенти се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени (б)**.

Оценката добиена на матурската тема се множи со **коефициент 0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени (в)**.

Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

| $а_1$ = 1 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_2$ = 2 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_3$ = 3 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_4$ = 4 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_5$ = 5 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени<br>$а_6$ = 6 предмет Х 1,2 = најмногу 6 поени<br><br>**б = збир $а_1$+ $а_2$ +...$а_6$ = најмногу 36 поени**<br><br>**в = матурска тема Х 0,8 = најмногу 4 поени**<br>**б+в = најмногу 40 поени**<br><br>(пример со просек 5,00: (5х1,6) + (5х1,6) + (5х1,6) + (5х1,6) + (5х1,6) + (5х1,6) + (5 х 0,8)= 40 поени) |
|---|

б) На студиските програми со посебни специфичности селекцијата на кандидатите ќе се врши според **успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите**. Кандидатите се рангираат со собирање на бодовите добиени по двата основа.

б1) На Факултетот за музичка уметност, успехот од проверката на знаењата и умеењата учествува со 60%, а општиот успех од средното образование учествува со 40%.

На Факултетот за музичка уметност проверката на знаењата и умеењата се спроведува усно и практично.

**Пресметка на бодовите од успехот во средното образование за кандидатите кои полагале државна матура, кандидати без матура и кандидати со меѓународна матура се врши на следниов начин:**

- На Факултетот за музичка уметност бодовите од успехот од средното образование за кандидатите кои полагале државна матура се добиваат согласно со точката а1), за кандидатите кои се без матура согласно со точката а2), односно точката а4) за кандидатите со меѓународна матура од Конкурсот. Вкупниот добиен збир по оваа основа се множи со коефициент 0,4, врз основа на што може да се добијат најмногу 40 поени.

**Пресметка на бодовите од успехот во средното образование за кандидатите кои полагале училишна матура се врши на следниов начин:**

- На Факултетот за музичка уметност бодовите од успехот од средното образование за кандидатите кои полагале матура се добиваат согласно со точката а2) од Конкурсот. Вкупниот збир по оваа основа се множи со коефициент 0,5, врз основа на што може да се добијат најмногу 40 поени.

**Пресметка на бодовите од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши на следниов начин:**

- На Факултетот за музичка уметност вреднувањето на успехот од проверка на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од 0 до 60 поени. Проверката има елиминаторен карактер. Не се рангираат кандидатите што не добиле најмалку 10 поени.

**На Педагошкиот факултет се врши претселекција на кандидатите, т.е. проверка на психофизичката способност на кандидатите за студирање која не се бодува. Кандидадите се рангираат согласно со точките а1 и а2.**

**III. Селекција на кандидатите**

1. За реализација на Конкурсот за запишување, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип формира конкурсни комисии за секоја единица (факултети и висока стручна школа). На Факултетот за музичка уметност се формираат и комисии за проверка на знаењата, а на Педагошкиот

факултет се формира Комисија за проверка на психофизичката способност на кандидатите за студирање.

2. Реализацијата на Конкурсот ќе ја следи Универзитетска конкурсна комисија, која се грижи за доследно почитување на одредбите од Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување, одлучува по приговорите на прелиминарната ранг-листа и донесува решение за прием.

3. Рангирањето на кандидатите го врши Универзитетската конкурсна комисија.

4. На студиските програми на Универзитетот не можат да бидат запишани кандидати кои имаат помалку од **40 поени**, добиени по сите основи.
   На Факултетот за медицински науки, на студиската програма по општа медицина, во првиот уписен рок не можат да се запишат студенти (во државна квота и во квотата со кофинансирање) кои имаат помалку од 80 поени.

5. Конкурсните комисии на огласната табла и на веб-страницата на Универзитетот ги објавуваат поените од средното образование (среден успех) и резултатите од проверката на знаењата и умеењата на Факултетот за музичка уметност. Кандидатот има право на приговор до Универзитетската конкурсна комисија во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати.

   По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа.
   Приговорот се однесува само на технички пропусти – грешки направени при пресметувањето на бодовите и се упатува до Универзитетската конкурсна комисија.
   Решението на Универзитетската конкурсна комисија е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на Универзитетот.

   По истекот на роковите за поднесување на приговори и за нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија објавува решение за прием на студенти за секоја единица на Универзитетот одделно (конечна ранг-листа), врз основа на која се врши запишување на студенти.

6. На студиските програми на кои по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места се врши запишување во втор и трет уписен рок.

7. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати), факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, предност имаат

кандидати – добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма.

Доколку во вториот уписен рок се повтори истата ситуација, се примаат онолку кандидати колку што е утврдено со Конкурсот, а предност имаат кандидати – добитници на награди на државни и меѓународни натпревари во области значајни за соодветната студиска програма. Видот и соодветноста на наградите ги утврдува факултетот – носител на студиската програма.

8. Студентите во државна квота се запишуваат со плаќање надоместок во износ од 100/200 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РМ, студентите во квотата за кофинансирање се запишуваат со плаќање надоместок за кофинансирање на студиите во износ од 100/400 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РМ. Вонредните студенти се запишуваат со плаќање надомест во износ од 400 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РМ. Плаќањето се врши во две еднакви рати на почетокот на секој семестар, за секоја студиска година во текот на целото студирање.

9. На единиците на универзитетот на кои се организираат студии на англиски јазик, 50% од квотата ќе се запишаат државјани на Р. Македонија, а 50% странски државјани.

10. Универзитетот нема да наплатува партиципација за:

   - лица без родители;
   - лица од прв степен на инвалидност;
   - воени инвалиди;
   - лица растени во домови за напуштени деца.

   Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

11. Припадниците на безбедноните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од I до VII група, утврдени со одредбите од член 2 и член 4 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства („Сл. весник на РМ“ бр. 2/2002), во учебната 2011/2012 година ќе се запишуваат надвор од државната квота без плаќање кофинансирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу 10% од вкупниот број студенти на соодветна студиска програма. Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

12. Студентите од ромска националност, кои ќе се запишат во учебната 2011/2012 година се ослободени од партиципација за прв и втор семестар.

**IV. Запишување вонредни студенти**

1. Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.
За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.

2. Вонредни студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

3. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат договор за вработување на неопределено време, или лекарско уверение за причините наведени во точка 1 став 2.

**V. Запишување на студенти со кофинансирање**

1.На Универзитетот, како редовни студенти на одделните студиски програми се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата. Запишувањето на оваа категорија студенти се врши со претходно поднесена изјава од страна на кандидатите дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.

2. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РМ. Плаќањето се врши во две еднакви рати на почетокот од секој семестар.

3. Универзитетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија. Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти поднесуваат изјава во рок од 24 часа по објавувањето на конечната ранг-листа.

Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува Универзитетската конкурсна комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.

Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## VI. Кандидати со завршено средно образование во странство

### а) Странски државјани

1. Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот, најмногу 10% од квотата за упис на студенти за секоја единица на Универзитетот.
   Заради правична родова застапеност, 50% од кандидатите треба да бидат од машки и 50% од женски пол.

2. Странски студент кој аплицира да биде студент на студиските програми на Универзитетот треба да поседува: копија од потврдата издадена од Министерство за образование и наука за започнување на постапка за нострификација на дипломата од средно образование, копија од документите кои се доставени до Министерство за образование и наука за нострификација на дипломата од средно образование, лекарско уверение за психофизичка состојба издадена од лекар специјалист во државата од која доаѓа странскиот студент, преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач.

3. По примањето на апликацијата и разгледување на документите од страна на Универзитетот, странскиот студент се упатува на подготвителна настава, т.е. посетување на курс за јазици, за што Универзитетот издава потврда дека студентот е редовен студент на Универзитетот и истиот е запишан на подготвителна настава на Универзитетот.

4. Курсевите кои се организираат во рамките на подготвителната настава на странските студенти се со почеток од февруари до април и вториот со почеток од април до јуни.
5. По завршување на подготвителната настава странскиот студент најдоцна до 1 септември ги поднесува следниве документи за упис на студиските програми на Универзитетот:
   - решение за нострификација на диплома за завршено средно образование издадено од Министерството за образование и наука;
   - оргинални документите кои се доставени до Министерството за образование и наука за нострификација на дипломата од средно образование;
   - лекарско уверение за психофизичка состојба издадена од лекар специјалист во државата од која доаѓа странскиот студент, преведена на македонски јазик од овластен судски преведувач (не постаро од 6 месеци);
   - уверение за кривична неосудуваност на странскиот студент, издадено од орган во државата од каде што доаѓа странскиот студент преведено на македонски јазик кај овластен судски преведувач.
6. Кандидатите наведуваат дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето.
7. На странските државјани кои се пријавуваат на Факултетот за музичка уметност им се врши проверка на знаењата и умеењата.

8. Школарината за странските студенти за учебната 2011/2012 година изнесува 300 евра за еден семестар на сите единици, освен на Факултетот за медицински науки, каде за еден семестар се наплаќа 500 евра, доколку поинаку не е регулирано со договор за меѓууниверзитетска соработка. Во оваа категорија влегуваат и кандидатите странски државјани чии родители или пак тие работат во дипломатските претставништва во Република Македонија.

**б) Иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образование и со дел на средното образование во странство**

1.Кандидатите, државјани на РМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство се запишуваат надвор од квотата, најмногу 10% од вкупниот број на студенти кои што се запишуваат во прва година на ниво на факултет.

2. Селекцијата на кандидатите на Факултетот за музичка уметност се врши со проверка на знаењата и умеењата.

## VII. Дополнителни квоти утврдени од Владата на РМ

1. За обезбедување на правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Р.Македонија, дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број изнесува најмногу 10% од вкупниот број на студенти коишто се запишуваат во прва година на ниво на факултет. Притоа, во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население во Република Македонија. Овие кандидати доставуваат потврда од Министерството за внатрешни работни за припадност на заедница која не е мнозинство во Република Македонија.

## VIII. Рокови за пријавување, проверка на знаења и умеење и запишување

| РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ 2011/12 ГОДИНА | I УПИСЕН РОК | | II УПИСЕН РОК | | III УПИСЕН РОК | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВИД НА СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | | | | | |
| | Со проверка на знаења и умеења | Без проверка на знаења и умеења | Со проверка на знаења и умеења | Без проверка на знаења и умеења | Со проверка на знаења и умеења | Без проверка на знаења и умеења |
| Пријавување на кандидатите | **16-17 август 2011** | **16-17 август 2011** | **1-2 септември 2011** | **1-2 септември 2011** | **15 септември 2011** | **15 септември 2011** |
| Објавување на резулати од успехот од средно образование | **22 август 2011** | **22 август 2011** | **6 септември 2011** | **6 септември 2011** | **16 септември 2011** | **16 септември 2011** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Проверка на знаења и умеења | **18 август 2011** | **-** | **5 септември 2011** | **-** | **16 септември 2011** | **-** |
| Објавување на резултати од проверката на знаења и умеења | **25 август 2011** | **-** | **12 септември 2011** | **-** | **21 септември 2011** | **-** |
| Објавување решение за прием на кандидатите | **26 август 2011** | **26 август 2011** | **13 септември 2011** | **13 септември 2011** | **22 септември 2011** | **22 септември 2011** |
| Запишување на кандидатите | **30-31 август 2011** | **30-31 август 2011** | **14 септември 2011** | **14 септември 2011** | **23 септември 2011** | **23 септември 2011** |

## IX. Документи за пријавување и запишување

При пријавувањето за запишување на Универзитетот, кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. пријава за запишување;
2. оригинални свидетелства од сите класови;
3. државна матура, меѓународна матура или училишна матура;
4. свидетелство за завршено средно образование;
5. извод од матичната книга на родените;
6. доказ за државјанство на РМ (уверение или решение);
7. потврда за уплатени:
   - **300 денари** на жиро-сметката на Универзитетот за студиските програми за кои **не се врши проверка** на знаењата и умеењата, односно
   - **500 денари** на жиро-сметката на Универзитетот за студиските програми **за кои се врши проверка** на знаењата и умеењата.

Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти ги поднесуваат, освен горенаведените, и документите наведени во глава **IV**, точка 3.

Свидетелствата стекнати во странство на кандидатите од глава **VI**, дел а) и б) треба да бидат нострифицирани.

Во **Штип** кандидатите се пријавуваат на: Економски факултет, Земјоделски факултет, Педагошки факултет, Факултет за природни и технички науки, Факултет за информатика, Факултет за музичка уметност, Факултет за медицински науки, Филолошки факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика, Технолошко-технички факултет и Правен факултет.

Во **Струмица** кандидатите се пријавуваат на: Земјоделски факултет, Економски факултет и Педагошки факултет.

Во **Кавадарци** кандидатите се пријавуваат на: Земјоделски факултет, Факултет за информатика и Факултет за природни и технички науки.

Во **Кочани** кандидатите се пријавуваат на: Правен факултет.

Во **Радовиш** кандидатите се пријавуваат на: Електротехнички факултет.

Во **Пробиштип** кандидатите се пријавуваат на: Техничко-технолошки факултет.

Во **Виница** кандидатите се пријавуваат на: Машински факултет.

Во **Гевгелија** кандидатите се пријавуваат на: Факултет за туризам и бизнис логистика.

Во **Прилеп** кандидатите се пријавуваат на: Факултет за природни и технички науки.

Во **Берово** кандидатите се пријавуваат на: Факултет за информатика.

Во **Свети Николе** кандидатите се пријавуваат на: Земјоделски факултет.

Во **Скопје** кандидатите се пријавуваат на: Факултет за туризам и бизнис логистика и Факултет за природни и технички науки.

**Пријавувањето се врши со оригинални документи.**

При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:

1. индекс и студентска легитимација;
2. три фотографии (2 од 6x9; 1 од 4x5);
3. пријавни листови;
4. потврда за лично годишно осигурување во осигурителна компанија по избор на студентот, со минимум износ од 150,00 денари.

I.

- потврда за уплатени ***6.125,00 денари*** - за партиципација (прва рата) - за редовните студенти во државната квота за сите факултети. Партиципацијата за дисперзираните студии ***3.065,00 денари*** (прва рата);

- потврда за уплатени ***12.250,00 денари*** - за партиципација (прва рата) - за студентите со кофинансирање. Партиципацијата за дисперзираните студии со кофинансирање ***3.065,00 денари*** (прва рата);

- потврда за уплатени ***12.250,00 денари*** - за партиципација (прва рата) - за вонредните студенти за сите факултети;

Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
100000000063095
Сметка на буџетски корисник 1600160330
Единка 788, Корисник 18
Приходна шифра 723012
Програма 44
Образец ПП-50

II.

- потврда за уплатени ***720,00 денари -*** за материјални трошоци, за надомест за книжен фонд и за солидарна одговорност на ниво на Универзитет.

Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
100000000063095
Сметка на буџетски корисник 1600160330

Единка 788, Корисник 18
Приходна шифра 723019
Програма 44
Образец ПП-50

III.

- потврда за уплатени ***710,00 денари*** - за Студентски парламент, студентски правобранител и студентски активности.

Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
100000000063095
Сметка на буџетски корисник 1600160330
Единка 788, Корисник 18
Приходна шифра 723119
Програма 44
Образец ПП-50

IV.

- потврда за уплатени ***260,00 денари*** – за информатички и културни активности.

Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
100000000063095
Сметка на буџетски корисник 1600160330
Единка 788, Корисник 60
Приходна шифра 723119
Програма 44
Образец ПП-50

V.

- потврда за уплатени ***1.200,00 денари*** – за потрошен лабораториски материјал за студентите на Факултетот за медицински науки.

Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
100000000063095
Сметка на буџетски корисник 1600160330
Единка 788, Корисник 18
Приходна шифра 723014
Програма 44
Образец ПП-50

VI.

- потврда за уплатени ***500,00 денари*** – за упис на (прв) семестар

Жиро-сметка на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
100000000063095
Сметка на буџетски корисник 1600160330

Единка 788, Корисник  18
Приходна шифра 723019
Програма 44
Образец ПП-50

VII.

- потврда за уплатени ***390,00 денари*** – за спортски активности

  Жиро-сметка на Универзитетски спортски центар - Штип
  Банка на примачот: Стопанска банка
  Сметка: 200001926783548
  Образец ПП-10

VIII.

- потврда за уплатени ***1000,00 денари*** – за електронска картичка и студентска легитимација

  Жиро-сметка на Унисервис - Штип
  Банка на примачот: Стопанска банка
  Сметка: 200002035740835
  Образец ПП-10

***<u>Листа 1</u>***

***Студиски програми за кои се врши проверка на знаења и умеења***

| **Факултет за мизичка уметност** | |
|---|---|
| Оддел за музичка теорија и педагогија | Солфеж, основи на хармонијата, пијано |
| Вокално-инструментален оддел | Вокално пеење (за пејачите) или инструмент (за инструменталците); и солфеж |
| Оддел за џез студии | Инструмент или интервју;солфеж |
| Оддел за етнокореологија | Солфеж, етнокорелогија со физички предиспизиции |

**КОНКУРСОТ Е ОБЈАВЕН НА ИНТЕРНЕТ - СТРАНИЦАТА:**
**http://www.ugd.edu.mk/**